ПОЛИТИКА ЗА МЕДИУМСКА И УРЕДУВАЧКА ДЕЈНОСТ
на Институтот за комуникациски студии – Скопје

Вовед

Оваа Политика ја утврдува рамката според која Институтот за комуникациски студии (во понатамошниот текст: Институтот), креира, уредува, објавува и дистрибуира медиумски содржини преку своите дигитални канали, вклучително и интернет-портали и социјални мрежи. Нејзината цел е да се обезбеди транспарентно, етичко и правно усогласено информирање, во согласност со важечката регулатива и добрите професионални практики.

Платформи на Институтот

Институтот за комуникациски студии креира и управува со следниве медиумски платформи:

- ДОМА (www.doma.edu.mk) - онлајн медиум посветен на животната средина, климатските промени и одржливиот развој;
- РЕС ПУБЛИКА (www.respublica.edu.mk) - аналитички медиум што обработува теми од областа на општеството, политиката, науката и комуникациите;
- МЕДИУМ (www.medium.edu.mk) - прв средношколски весник во Македонија, кој има три клучни цели: известување за случувањата од средните училишта во земјава и во странство; поттикнување на новинарството меѓу средношколците; и промовирање на медиумската писменост меѓу средношколците;
- САМО ПРАШАЈ (www.samoprashaj.mk) - платформа за граѓанско новинарство и активизам, насочена кон поттикнување јавен дијалог и отчетност на институциите.

I. Цел и опсег

Политиката се однесува на сите медиумски продукти што Институтот ги создава и објавува, без оглед на платформата или форматот. Таа ги опфаќа редакциските процеси, јавната одговорност, заштита на права и интересите на публиката и начинот на постапување при жалби и исправки.

II. Правна основа

Оваа Политика се донесува врз основа на важечките закони и подзаконски акти што ја регулираат медиумската сфера и јавната комуникација, како и на стандардите на саморегулаторните тела во Република С. Македонија.

III. Дефиниции

- *Медиум* претставува средство за јавно информирање преку кое се објавуваат уреднички обликувани содржини наменети за јавноста (печатени, електронски или онлајн).

- *Медиумска содржина* е секој текст, аудио, видео или мултимедијален материјал од информативен и/или образовен карактер, наменет за јавна дистрибуција преку дигитални канали на Институтот.
- *Уредник* е лице назначено од Институтот, одговорно за уредувачката конзистентност, точноста и етичката прифатливост на медиумската содржина.
- *Редакциски тим* е група лица, назначени од Институтот, кои уредуваат и одобруваат медиумски содржини.
- *Новинар/автор* е лице што самостојно или по налог на Институтот истражува, пишува или снима материјали наменети за објавување.
- *Публика* е општата јавност или целната група кон која е насочена медиумската комуникација.
- *Реклама* е платена содржина објавена во медиумските канали со јасна цел на промоција.

IV. Принципи и вредности

1. **Точност и проверка на факти** – пред објавување се проверуваат извори и податоци.
2. **Независност и непристрасност** – се избегнува конфликт на интереси и пристрасно известување.
3. **Плурализам** – се обезбедува разновидност на гледишта и аргументи.
4. **Достоинство и ненасилна комуникација** – не се користи јазик на омраза или говор што поттикнува дискриминација.
5. **Заштита на малолетни лица и приватност** – се почитува интегритетот на ранливите категории,
6. **Транспарентност** – јасно се наведуваат авторите, изворите на финансирање и потенцијалните спонзори.
7. **Одговорност кон јавноста** – се обезбедува брза исправка на неточни информации.

V. Организациска структура и одговорности

- **Управен директор** – ја одобрува Политиката и назначува главен уредник.
- **Главен уредник** – ја спроведува Политиката, координира редакциски тим и донесува конечни уреднички одлуки.
- **Редакциски тим** – подготвува, проверува и објавува содржини.
- **Надворешни соработници** – потпишуваат изјава дека ќе ги почитуваат Принципите.

VI. Регистрација и транспарентност

Доколку медиумската платформа исполнува услови за медиум според законската дефиниција, односно објавува уреднички обликувани содржини наменети за јавноста на професионална основа, Институтот ќе ја регистрира во

надлежниот регистар на медиуми што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), согласно Законот за медиуми.

Институтот, преку своите платформи креира и објавува медиумски содржини со едукативен и општествен карактер, при што континуирано ги оценува условите за регистрација во согласност со правната рамка и обемот на дејноста на секоја одделна платформа.

VII. Уредувачки стандарди

1. **Процедура за подготовка** – секој материјал минува низ факт-чек и лектура.
2. **Лична одговорност** – авторите одговараат за автентичноста на материјалот.
3. **Реклама и спонзорирана содржина** – јасно е означена и одвоена од редакцискиот материјал.
4. **Архив и корекција** – оригиналните и коригираните верзии се чуваат со временски белег.

VIII. Жалби и исправки

Секое лице има право да поднесе жалба за неточна или навредлива содржина. Главниот уредник е должен да одговори во рок од седум работни дена и, доколку е основано, да објави корекција или извинување.

IX. Авторски права и лични податоци

Се објавуваат само материјали за кои Институтот има законска дозвола или лиценца. Обработката на личните податоци се врши во минимален обем и согласно принципот на легитимен интерес.

X. Архивирање и достапност

Сите медиумски содржини се чуваат во дигитален архив најмалку пет години.

На барање на заинтересирани страни, Институтот обезбедува пристап до архивот, освен ако не постојат законски ограничувања.

XI. Надзор и ревизија

Главниот уредник поднесува годишен извештај до Директорот на Институтот за спроведување на Политиката.

Политиката се ревидира по потреба, а најдоцна на секои три години.

Скопје,29.01.2025 година **Институт за комуникациски студии**

